РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-851/1
23-02-2021 г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот -------- ------------- од -------------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница продолжение одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2530 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2530/1 од 24.04.2019 година доставена од подносителот -------- ------------- од -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2530 од 2019 година, во предметниот случај постапено е од друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2530 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2530 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2530/1 од 24.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------- ------------- од -------------.

Во пријавата се содржани наводи за неправилно и незаконито работење на одговорни лица-директор на ОСУ„ ------- ------------" од --------, ------- ------------ и на директорот на ОУ „--------- --------- -----" -------, во постапка за избор/преземање на наставник по физичко и здравствено образование во наведеното ОУ.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до Државниот просветен инспекторат и до предметното основно училиште за информации и податоци по однос на наводите од пријавата. По барањата на ДКСК доставени се известувања за спроведен надзор и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај станува збор за наводи за незаконито однесување и злоупотреба на дискреционото овластување при донесување на одлука за откажување на договор за вработување со

отказ од страна на работодавачот ОСУ„ ------- ------------" од -------- и понуда за нов променет договор за работа, за лицето -------- ------------ од ------------, вработен во училиштето со кои му биле повредени неговите права од работен однос и со кои подносителот на пријавата бил оштетен поради тоа што му биле одземени часови и му бил намален наставниот фонд а со тоа му била намалена и платата , како и наводи за не постапување на директорот на ОУ „„--------- --------- -----" -------, по решение со задолжение за постапување на Државниот просветен инспекторат кое било донесено по извршен инспекциски надзор во предметното училиште.

За овој случај подносителот се обратил и добил одговор од Државниот просветен инспекторат – кој на 27.03.2019 извршил вонреден инспекциски надзор по неговиот приговор и донел Решение со кое го задолжил директорот на училиштето да се обрати до Градоначалникот и Секторот за образование на Општината и часовите да ги пополни со наставен кадар вработен со помал фонд на часови од друго училиште на ниво на општината.Директорот на ОУ „--------- --------- -----" -------, не постапил по Решението а во друго училиште каде имало слободен фонд на часови ангажирале лице со договор на дело , наместо нему да му ги доделат часовите - што било согласно закон. Поради тоа тој побарал за вонреден инспекциски надзор до просветниот инспектора и истиот бил извршен и пак било донесено решение за задолжување на директорот. Но и по ова решение директорот не постапил.

Од страна на подносителот бил заведен и судски спор во 2018 година, против ОСУ„ ------ ------------" од ---------, кој завршил со пресуда од 27.12.2018 со која неговото тужбено барање било одбиено како неосновано, повикувајќи се на искористувањето на дискреционото право на директорот.

-На 03.02.2020 година, на барање на ДКСК добиен е одговор од Државниот просветен инспекторат со прилог документација и со кој се известува дека од страна на Советникот - државен просветен инспектор --------- било постапено по претставка поднесена од страна на подносителот и бил извршен вонреден инспекциски надзор во ОУ„„--------- --------- -----" -------, и биле сочинети Записник и Решение зав. бр. -------- од 27.03.2019 год. со предмет на надзор: Постапката за избор на наставник по Физичко и Здравствено образование во наведеното ОУ. При увидот биле констатирани неправилности ( *не било постапено согласно укажување на МОН)* и со решението бил задолжен директорот да преземе мерки и активности за надминување на истите, а подносителот ----------- бил упатен доколку не бил задоволен од добиениот одговор да се обрати до надлежен орган и да поведе постапка пред надлежен основе н суд во ---------. Извршен бил и Контролен инспекциски надзор од 17.04.2019 год. во кој било констатирано дека училиштето постапило по Решението на инспекторот издадено при вонредниот инспекциски надзор и изборот на наставник по Физичко и здравствено образование наместо со лицето ------- ----------- бил извршен со лицето --------- ----------- со помал фонд на часови вработен во ОСУ„------- ---------" ---------- и согласно укажувањето од страна на Министерството за образование и наука бр. --------1 од 23.08.2018 година. За истото била комплетирана целосна документација и бил склучен договор за преземање од ОСУ „-------- ---------" - --------- со целосен фонд на часови во ОУ„------ ------"-----------. Поради тоа што Одговорното лице - директор во ОУ „---- -------"-----------целосно постапил по донесеното Решение против истото од страна на советникот - државен просветен инспектор не биле покренати прекршочни или кривични постапки.

-На 22.02.2020 година, до ДКСК доставен е одговор од директорот на ОУ „„--------- --------- -----" -------, со кој се известува дека од страна на директорот во целост биле исполнети задолженијата од

Решението од Државниот просветен инспектор од 29.03.2019 година под архивски број ------, кое било донесено по вонреден инспекциски надзор извршен на ден 27.03.2019 година од страна на Државниот просветен инспекторат - ---------- врз начинот и постапката за извршен избор на наставник по физичко образование.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај било постапено од страна на надлежен орган,државниот просветен инспекторат,кој извршил вонреден и контролен инспекциски надзор во наведеното основно училиште а поради тоа што од страна на одговорното лице - директор во училиштето целосно било постапено по донесеното Решение од извршениот надзор, од страна на советникот - државен просветен инспектор не биле покренати прекршочни или кривични постапки во предметниот случај. Воедно, за случајот од страна на подносителот биле искористени правни лекови и бил заведен судски спор во 2018 година, против наведеното основно училиште во кој Судот, повикувајќи се на искористувањето на дискреционото право на директорот на предметното училиште, донел пресуда од 27.12.2018 со која неговото тужбено барање било одбиено како неосновано. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива и подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК